# ‚Ако сакате, ќе ви дадам – но во неа нема удел за богат човек, ниту за силен кој може да заработува.‘“

Убејдулах бин Ади бин ел-Хијар раскажува: „Двајца мажи ми кажаа дека дошле кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, за време на прошталниот аџилак, кога тој ја делеше садаката, и го замолиле да им даде нешто од неа. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ги погледнал одозгора па надолу и забележал дека се здрави и силни. Па им рекол: ‚Ако сакате, ќе ви дадам – но во неа нема удел за богат човек, ниту за силен кој може да заработува.‘“
[صحيح] [رواه أبو داود والنسائي]

Двајца мажи дошле кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, на прошталниот аџилак, во време кога ја делел садаката, и побарале од него да им даде нешто од неа. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, повеќепати ги погледнал за да ја согледа нивната состојба – дали имаат право на садака или не. Кога видел дека двајцата се силни луѓе, им рекол: „Ако сакате, ќе ви дадам од садаката. Но во неа нема удел за оној што има имот доволен за своја издршка, ниту за оној што е способен да работи и да заработува – дури и ако во моментот нема имот со кој би се сметал за богат.“

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65620